Координативното тело за спроведување на јавна пропаганда за референдумот, во согласност со членот 12 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, Правилникот на Државната изборна комисија за подготовка, организирање и спроведување на референдум на државно ниво на 30 септември 2018 година, и Роковникот на Државната изборна комисија за извршување на дејствијата за спроведување на Референдум на државно ниво, на 7 септември 2018 година, донесе

**ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА П Р А В И Л АТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ВО ВРСКА СО ВОДЕЊЕ ЈАВНА ПРОПАГАНДА ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ ШТО ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 30 СЕПТЕМВРИ 2018 ГОДИНА**

Во Правила за постапување на координативното тело во врска со водење јавна пропаганда за Референдумот што ќе се одржи на 30 септември 2018 година, со број 09-4989/3 од 5 септември 2018г. во точката 1 став 1 по зборот „националните“ се додава зборот „регионалните“.

Во точката 3 став 1 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „по дописот со број 09-4934/1 од 23 август 2018г и тоа: 59% ЗА и 41% ПРОТИВ. “

Во став 5 бројот „13“ се заменува со бројот „12“.

Бр. 09-4989/4

07 септември 2018 година

Скопје

**КООРДИНАТИВНО ТЕЛО**